# Погодокот

Ел Кенеди

САКАМ КНИГИ

# 1

# Али

*Може да разговараме?*

*Те молам??*

*Да го ебам, Али. По се низ што поминавме, заслужувам повеќе од ова.*

*Не беше сериозна кога кажа дека меѓу нас е готово, така?*

*Може ли да ми ОДГОВОРИШ, те молам?*

*Знаеш што? Заеби. Сакаш да ме игнорираш? Океј. Гајле ми е.*

Кога го проверувам телефонот на излегување од студентската вежбалница во петок навечер, ме чекаат шест нови пораки. Сите се од Шон, мојот од вчера поранешен дечко. И иако ја забележувам емоционалната прогресија од молење кон мразење, сфаќам дека се фиксирам на неговата правописна грешка.

*По се низ што поминавме.*

По се, а не по *сè*. И се сомневам дека се работи за грешка при пишување, бидејќи Шон и не е баш најбистриот човек на светот.

Добро, тоа не е целосно точно. За некои работи е исклучително паметен. Како бејзбол – сериозно, вади статистички податоци како од ракав, дури и оние од шеесеттите. Но знаење што се учи од книги не е негов фах. А ни *неверојатен дечко* не спаѓа во листата на негови силни страни, барем не во последно време.

# *Поїодокоѿ*

Не сакав да бидам една од оние девојки кои постојано раскинуваат и се смируваат со истиот тип. Навистина мислев дека сум посилна, но Шон Меккол имаше некаква моќ врз мене уште од мојата бруцошка година на универзитетот *Брајар*. Ме освои со неговиот дотеран, згоден изглед и момчешката насмевка. Таа прекрасна насмевка, накривена, со дупчиња во образите и полна со ветувања.

Повторно погледнувам во телефонот, а мојата загриженост расте како бршленот на зградата зад мене. Уф. За што сака да зборуваме? Кажавме сѐ што требаше да се каже минатата вечер. Кога му реков дека меѓу нас е готово пред да излетам од куќата на неговото братство, го мислев тоа.

*Готово* е. Ова ни е четврто раскинување во три години. Не можам да продолжам да си го правам ова, не можам повеќе да го поднесам овој изопачен круг од среќа и страдање, особено кога личноста со која би требало да ја градам иднината ме влече надолу.

Но и покрај тоа, срцето ме боли. Тешко е да оставиш некого кој бил толку голем дел од твојот живот толку долго време. Уште потешко е кога таа личност одбива да *те* пушти.

Воздивнувајќи брзам по скалите кон калдрмисаната патека која поминува низ кампусот. Обично застанувам за да се восхитувам на глетката – прекрасните стари згради, клупите од ковано железо и сенките под огромните дрвја – но вечерва само сакам да отрчам до мојата соба во студентскиот дом, да се покријам со ќебето преку глава и да го исклучам надворешниот свет. За среќа, можам да го направам тоа, бидејќи мојата цимерка Хана не е тука викендов, што значи дека нема да може да ми мудрува за емоционалните ризици на препуштањето на сопствената мизерија.

Додуша, не ми мудруваше синоќа. Не, она што го направи заслужено ѝ ја обезбеди титулата на најдобра другарка на светот. Кога се вратив во собата откако му раскинав на Шон, Хана ме чекаше во заедничката просторија со кутија сладолед, пакување марамчиња и две шишиња црвено вино. Ја помина цела вечер подавајќи

ми марамчиња и слушајќи го моето неповрзано дрдорење.

Раскинувањата се *ужас.* Се чувствувам како промашен случај. Не, се чувствувам како некој што се откажува. Последниот совет што ми го даде мајка ми пред да почине е никогаш да не се откажувам од љубовта. Всушност, ми го трубеше тоа долго пред воопшто да се разболи. Не ги знам сите детали, но јавна тајна во нашиот дом беше дека бракот на моите родители бил на стаклени нозе повеќе од еднаш во текот на осумнаесетте години кои ги поминаа заедно. И тие го надминале тоа. *Работеле* на тоа.

Секојпат кога ќе помислам на тоа како го оставив Шон вчера, чувствувам мачнина во стомакот. Можеби требаше повеќе да се борам за нас. Мислам, знам дека тој ме сака...

*Да те сакаше, немаше да ти поставува ултиматум*, ме уверуваше рапав глас. *Правилно постапи.*

Грлото ми се стегна кога го препознав гласот во мојата глава. Му припаѓа на татко ми, тој е мојот најголем поддржувач. Според него, јас не можам да згрешам.

Штета што Шон не може да ме види низ неговите очи.

На пет минути од студентскиот дом Бристол, каде што делам соба со Хана, телефонот почнува да ми вибрира.

Да му се сневиди. Уште една порака од Шон.

*Жал ми е што те пцуев, душо. Не го мислев тоа. Само сум вознемирен. Ти си ми сѐ на светот. Се надевам дека го знаеш тоа.*

Ми стигнува уште една порака: *Ќе наминам по предавањата. Ќе зборуваме.*

Се вкопувам во место, ме обзема чувство на паника. Не се плашам од Шон, барем не во физичка смисла. Знам дека никогаш не би ме удрил, ниту би изгубил контрола врз себе во напад на лутина. Но се плашам од неговата слаткоречивост. *Многу* го бива за тоа. Треба

само да ме нарече *душо* и да ми се насмевне со таа негова неодолива насмевка и готова сум.

Лутина, страв и нервоза се борат за моето внимание додека ги препрочитувам неговите пораки. Блефира. Не би дошол непоканет, нели?

Супер, одлично.

Со растреперени прсти, го бирам бројот на Хана. По две ѕвонења, го слушам охрабрувачкиот глас на мојата најдобра другарка. „Еј, како е? Добро си?“

Во заднина слушам тивко муабетење. Женски глас – Грејс Ајверс е, девојката на Логан. Тоа значи дека Хана и нејзиниот дечко Гарет веќе заминале на викенд во Бостон. Таа ме покани да одам со нив, но ја одбив затоа што не сакав да им светам. Два лудо заљубени пара и јас? Не, благодарам.

Сега посакувам да ја прифатев поканата, затоа што викендов ќе бидам целосно сама, а Шон сака да *зборуваме*.

„Шон ќе помине вечерва“, ми излета.

Хана запрепастено воздивна. „Што? *Не!* Зошто би се согласила...“

„Не сум се согласила! Не ме ни праша дали може. Само ми пиша дека ќе помине.“

„Молам?“ Звучи исто толку незадоволно колку што јас се чувствувам.

„Знам, нели?“ Паниката ме совладува. „Не можам да се видам со него, Хан. Сè уште сум премногу ранлива поради раскинувањето. Ако дојде, можеби на крај повторно ќе се смириме.“

„Али...“

„Мислиш ли дека ако ги исклучам сите светла и ја заклучам вратата, ќе мисли дека не сум дома и ќе си замине?“

„Познавајќи го? Ќе чека пред вратата цела ноќ.“ Хана опцу. „Знаеш што? Не требаше да се согласам да одам на натпреваров на *Бруинс*. Треба да бидам дома со тебе. Почекај, ќе му кажам на Гарет да ја заврти колата...“

„Нема шанси", ја прекинувам. „*Нема* да го откажеш патувањево поради мене. Ова ти е последната шанса да направиш нешто забавно."

Дечкото на Хана е капитен на хокеарскиот тим на *Брајар*, што значи дека неговиот календар на тренинзи и натпревари ќе биде пренатрупан сега кога започна сезоната. Што значи дека Хана нема да може толку често да го гледа. Одбивам да бидам онаа што ќе им уништи еден од ретките слободни викенди.

„Ми треба само совет", подголтнувам. „Затоа те молам, кажи ми што да правам. Дали да ја прашам Трејси дали може да преспијам во нејзината соба?"

„Не, не смееш воопшто да си во студентскиот дом ако Шон талка низ ходниците. Можеби Меган – не, чекај, нејзиниот нов дечко е дојден викендов. Најверојатно ќе сакаат да бидат сами." Хана звучеше замислено. „А Стела?"

„Таа и Џастин штотуку почнаа да живеат заедно од минатата недела. Нема да сакаат ненајавен гостин."

„Почекај малку." Настапи уште една долга пауза. Го слушам придушениот глас на Гарет, но не можам да разберам што зборува. Потоа Хана се врати. „Гарет вели дека можеш да останеш кај него викендов. Дин и Так ќе бидат таму, па ако Шон сфати каде си и намине, ќе го исфрлат на улица." Во заднина повторно се слуша мрморење на гласови. „Можеш да спиеш во собата на Гарет", додаде таа.

Не сум сигурна дали тоа е паметна идеја. Мислам, ова е смешно. Не можам да поверувам дека размислувам да му дозволам на Шон да ме избрка од сопствената соба. Но веќе можам да го замислам како тропа на мојата врата. Или уште полошо, како во филмот *Кажи што било*, се појавува пред мојот прозорец со касетофон. Уф, што ако ја пушти онаа песна од Питер Гејбриел? Ја *мразам* таа песна.

„Сигурна ли си дека е во ред?" прашувам.

„Да. Сосем во ред. Логан сега им пишува на Дин и Такер за да ги извести. Можеш да појдеш кога сакаш."

Олеснето воздивнувам, но сепак совеста ме гризе.

„Ај пушти ме на спикерфон? Сакам да зборувам со Гарет.“

„Важи. Само малку.“

Во следниот миг длабокиот глас на Гарет Греам се слуша од другата страна на линијата. „Чистите чаршафи стојат во плакарот за постелнина, а можеби ќе сакаш да си земеш своја перница. Велси мисли дека моите се премеки.“

„Па, премеки *се*“, се побуни Хана. „Како да спиеш на згмечено маршмалоу.“

„Како да спиеш на мек облак“, ја исправа Гарет. „Верувај ми Али, моите перници се закон. Но сепак би требало да си земеш и своја, за секој случај.“

Се смеам. „Фала за предупредувањето. Но сигурен ли си дека е океј? Не сакам да се наметнувам.“

„Немај гајле, срце. Само затрепкај му на Так со тие големи, сини очи и тој веднаш ќе ти зготви вкусна вечера. Е, да, и Логан му забрани на Дин да ти се пушта, така што не мораш да се грижиш ниту за тоа.“

Да, како да не. Дин Хејвард-Ди Лорентис е најголемиот женкар на светот. Секојпат кога ќе го видам се обидува да ми се пикне во гаќичките. А не можам ни да се чувствувам посебно поради тоа, затоа што тој се обидува да им се пикне во гаќичките на *сите*.

Сепак, не сум загрижена. Знам како да се справам со Дин, а Такер ќе послужи како добра бариера помеѓу мене и неговиот напален цимер.

„Навистина го ценам ова“, му велам на Гарет. „Сериозно. Ти должам.“

„Немај гајле, уживај.“

Хана проговори. „Пиши ми кога ќе стигнеш таму, добро? А потоа исклучи го телефонот за да не може Шон да те вознемирува.“

Спомнав ли колку многу ја сакам мојата најдобра другарка?

Спуштам чувствувајќи се неизмерно подобро. Можеби е паметно да се тргнам од студентскиот дом викендов. Можам да гледам на тоа како на фин, кус одмор

од неколку дена за да си ја разбистрам главата и да се средам. Сѐ додека Такер и Дин се во близина, нема да бидам во искушение да му се јавам на Шон. Овој пат мораме да раскинеме еднаш засекогаш. Без никаков контакт, барем неколку недели. Или месеци. Или години.

Искрено, не знам дали ќе го преживеам ова раскинување. Сепак со години го сакав Шон. А и тој си има свои фини моменти. Како сите оние пати кога се појави на мојата врата со супа кога бев болна. И кога...

*Тревога! Опасност од премислување!*

Во главата ми се вклучува аларм предупредувајќи ме на мојата глупавост. Не. Нема да си дозволам да се премислам. Не е важно што тој знае да биде фин – затоа што исто така знае и да *не биде* фин, што се докажа минатата вечер.

Ги исправам рамената и чекорам побрзо, одлучна да се држам до планот. Готово е меѓу мене и Шон. Не смеам да се видам со него или да се допишувам со него или да направам што било што ќе ме доведе во контакт со него во моментов.

Официјално започна првиот ден од моето постоење без Шон.

# Дин

Петок вечер е, а јас сум испружен на каучот во мојата дневна соба и пијам пиво со две русокоси – две многу згодни, многу голи русокоси – кои си ги шмукаат јазиците пред мене. Животот ми е закон.

„Најдобрата вечер во животот“, развлекувам. Погледот ми е фиксиран на рацете на Кели кои патуваат кон јадрите гради на Мишел. Кели ги стиска со дланките, а јас офнувам. „Би била уште подобра ако продолжите да се забавувате овде, на каучот, девојки.“

Задишано се разделуваат и смеејќи се ме погледнуваат. „Дај ни причина“, ме задева Кели.

Ја поткревам веѓата, а потоа го зграпчувам мојот алат тврд како камен. Бавно ја придвижувам раката врз него. „Ова не е доволна причина?“

Мишел ми приоѓа прва нишајќи ги колковите – градите ѝ потскокнуваат, а потоа ми се качува в скут и ги притиска усните врз моите. Во следниот миг, Кели е сместена до мене, а нејзините топли, меки усни се залепени за мојот врат. Бо-же. Толку ми е тврд што ме боли, но овие две божици се решени да ме натераат да ги молам. Ме измачуваат со бакнежи. Долги, бавни бакнежи и влажни, безобразни јазици, стратегиски ме лижат и ме грицкаат со една единствена цел – наполно да ме излудат.

Би сакал да кажам дека оваа наша мала жешка тројка е ново искуство за мене или дека моите соиграчи од хокејскиот тим претеруваат кога ме нарекуваат „машка курва“, но тоа би било лага. Прекарот си е на место. Сакам да дупам. Дупам многу. И баш ми е гајле што мисли некој за мене.

Застенкувам кога прстите на Кели почнуваат да кружат околу мојот стап. „Господе. Со што сум заслужил толку да ми се посреќи во животот?“

„Сè уште не ти се посреќило“, вели Мишел, зафрлајќи ја долгата коса преку рамото. „Не заборавај, не смееш да свршиш пред нас.“

Има право. Им ветив, и имам намера да го одржам ветувањето. Спротивно на мислењето на моите пријатели, за мене во сексот жената е на прво место. Или, во случајов, *жените*. Две прекрасни, напалени жени кои не само што се загреани за мене, туку и една за друга.

*Ало, дали е ова рајот? Тука е Дин Ди Лорентис. Фала на гостопримство.*

„Па, претпоставувам дека би требало да се фатам за работа“, најавувам и потоа ја легнувам врз перницата и ја спуштам устата на нејзините гради.

Земам една брадавица во уста и шмукам силно, а нејзините колкови се поткреваат од каучот додека таа стенка. Забележувам сенка со крајот од окото. Кели се наведнува до мене и ја лиже другата брадавица на Мишел. Боже Господе. Стенкам доволно гласно за да ги разбудам и мртвите.

Кели ја крева главата и се насмевнува. „Мислев дека добро ќе ти дојде мала помош.“ Потоа ја бакнува Мишел по мазниот стомак, надолу кон местото каде што ѝ се спојуваат бедрата.

Не, ова не е рај, ова е нирвана.

Ја следам Кели, а усните ми патуваат преку потемнетата кожа и слатките облини сè до местото од кое ми доаѓа вода на уста. Кели веќе ја лиже. Господе. Не сум сигурен дека ќе успеам да се исконтролирам доволно долго за да свршат и двете. И самиот сум веќе блиску до работ.

Игнорирајќи го пулсирањето во меѓуножјето, ги навлажнувам усните и полека се спуштам кон „мачето“ на Мишел и... точно во тој миг проклетото ѕвонче на вратата ѕвони.

Да го ебам. Ја кревам главата кон домашното кино.

Дигиталниот часовник на блуреј-плеерот покажува осум и триесет. Се обидувам да се сетам дали сум му кажал на некој од момците дека може да намине вечерва, но денес не сум зборувал со никого освен со моите цимери, а тие се сите заминати. Гарет и Логан пред еден час со девојките заминаа за Бостон, а Такер вечерва ќе носи некоја женска во кино.

„Веднаш се враќам." Заводливо го лижнувам бедрото на Мишел, а потоа станувам од каучот во потрага по моите боксерки.

Откако си го спакував алатот, итам по ходникот за да ја отворам вратата. Кога забележувам кој стои на прагот, подзамижувам.

„Лош тајминг, кукло", ѝ велам на најдобрата другарка на Хана. „Другарка ти веќе замина. Врати се во недела." Тргнувам да ја затворам вратата. Да, безобразен кучкин син сум.

За жал, русокосата на прагот протнува една црна чизма за снег и ја заглавува вратата. „Не биди идиот, Дин. Знаеш дека викендов тука ќе престојувам."

Ги поткревам веѓите. „А? Молам?" Ја погледнувам подобро и тогаш го забележувам преполниот ранец на рамото. И розовиот куфер до нејзините нозе.

Али Хејс тешко се издишува. „Логан ти прати порака да те извести. А сега пушти ме да влезам. Ми студи."

Ја накривувам главата. Потоа, не баш нежно, ја туркам нејзината нога настрана. „Почекај тука. Веднаш се враќам."

„Се *зафркаваш* со..."

Вратата се затвора и го придушува нејзиниот извик на незадоволство.

Изнервиран, се враќам во дневната соба, каде Мишел и Кели не го ни забележуваат моето враќање – презафатени се со бакнување. Ми треба речиси цела минута за да го најдам телефонот и кога конечно го кревам од подот, откривам дека другарката на Хана не ме зафркавала.

На екранот има пет непрочитани пораки, што е сосем нормално кога глумиш салама во сендвичот од две

згодни девојки. Тројките се поважни од проверување-то на телефонот. Нема муабет за тоа.

***Логан:*** *Еј другарче, пријателката на Велси ќе преспие кај нас викендов.*

***Логан:*** *Држи си го алатот во гаќи. Г и јас не сме расположени да те претепаме како магаре ако се обидеш да направиш нешто. Од друга страна, Велси може да биде расположена за насилство. Значи: алат = гаќи = не ја дави нашата гостинка.*

***Хана:*** *Али ќе остане кај вас до недела. Таа е ранлива во моментов. Немој да ја искористиш, затоа што нема да бидам среќна. А ти не сакаш да ме натажиш, нели?*

Се кикотам. Хана, вистински дипломат, како и секогаш. Набрзина ги проверувам и последните две пораки.

***Гарет:*** *Али ќе спие во мојата соба.*

***Гарет:*** *Твојот алат може да остане во твојата соба.*

Господе, зошто се сите опседнати со мојот алат?

Можеа ли да одберат полош момент? Мојот копнежлив поглед се враќа кон каучот. Прстите на Кели се токму онаму каде што посакувам да беа моите во моментов.

Се накашлувам и двете девојки погледнуваат кон мене. Погледот на Мишел е поматен од специјалниот третман кој го добива од својата другарка.

„Мразам што го правам ова, но ќе мора да заминете девојки", им велам.

Два пара очи се раширија. „Молам?" издрдори Кели.

„Имам неочекувана гостинка која чека надвор", мрморам. „Што значи дека оваа куќа штотуку стана зона на пристојноста."

Мишел се закикоти. „Од кога ти е гајле ако некој те гледа како се дупиш?"

Тоа е вистина. Обично не ми е гајле дали има некој во близина. Најчесто, претпочитам публика. Но

не можам да ја изложам другарката на Хана на мојот разврат. Истото важи и за Хана и Грејс. Момците – кој ги врти. Тие знаат како стојат работите. Но знам дека Гарет и Логан не би сакале да им ги расипувам девојките. Од моментот кога стапија во сериозни врски, моите поранешни партнери за бркање женски се претворија во пуританци. Што е жално.

„Оваа гостинка е нежен цвет“, велам потсмешливо. „Најверојатно ќе се онесвести ако нè види сите тројца заедно.“

„Нема.“ Изнервираниот глас на Али се слуша од прагот на дневната.

Јас сум еднакво изнервиран. Женската едноставно си влезе во куќата како да е на нејзина? Нема да може така.

Се муртам. „Ти реков да почекаш надвор.“

„А јас ти реков дека ми студи“, возвраќа таа. И не изгледа дека има проблем со фактот што има две голи девојки на два метри од неа.

Моите гостинки ја проучуваат Али како да е препарат од бактерии под нивните микроскопи. Потоа ги збрчкуваат носовите и го тргаат погледот од неа како да е, па, ништо повеќе од препарат од бактерии под нивните микроскопи. Девојките често стануваат компетитивни во моја близина, но овие очигледно не ја доживуваат Али како конкуренција.

И ги разбирам. Таа е облечена во црна дебела јакна со пердуви, чизми и ракавици, а русата коса ѝ стрчи под црвената плетена капа. Во првата недела од ноември сме – нема снег и одвај малку залади, дефинитивно не толку за да се наоблече олку. Освен ако не е луда. А почнувам да се сомневам дека е токму тоа, затоа што опуштено си влезе во дневната соба и си седна на фотељата спроти каучот.

Додека ја откопчува јакната, фрла поглед кон моите гостинки, а потоа повторно погледнува во мене. „Зошто не ја префрлиш оваа мала забава на катот? Јас ќе останам овде и ќе гледам филм или нешто слично.“

„Или ти можеш да одиш во собата на Гарет и да си гледаш филм таму“, велам значајно. Но да бидам искрен, сеедно е. Таа веќе го уништи расположението, а мене нема да ми биде пријатно да се галам со две женски кога во куќата е и најдобрата другарка на Хана.

Воздивнувајќи се свртувам кон девојките. „Да одложиме за друг пат?“

Ниедна од нив не се буни премногу. Очигледно госпоѓицата Али не само што го *уништи* расположението, таа ја запали ебаната земја и ја посипа со сол за да спречи каква било напаленост да изникне некогаш повторно.

Али одвај обрнува внимание на девојките кои се облекуваат. Премногу е зафатена со соблекување на илјадниците слоеви зимска облека кои ги префрла преку потпирачот од фотељата. Кога завршува, изгледа значително послабо во црните хеланки и широкиот џемпер на риги. Воопшто не губи време за да се смести удобно во меката фотеља.

Ги испраќам Кели и Мишел до вратата, каде едната од нив речиси ми го изеде лицето пред да ми каже дека ќе ме држат за збор за тоа дека ќе има другпат. Додека да си заминат, усните ми се потечени, а алатот ми е повторно тврд.

Се враќам во дневната соба со намуртено лице. „Уживаше ли?“ прашувам.

„Во што?“

„Во тоа што ми го уништи сексуалниот живот.“

Али се насмеа. „Не гледам зошто да не можеш да ги однесеш Русокоса 1 и Русокоса 2 горе во твојата соба. Не мораше да ги избркаш поради мене.“

„Навистина мислиш дека можев да имам секс знаејќи дека ти си долу?“

Повторно ми се изнасмеа. „Ти имаш секс во *јавност*. Постојано. Што ти е гајле ако јас сум во куќата?“ Се замисли. „Но можеби одењето во твојата соба е проблемот. Хана рече дека секогаш се плеткаш со женски во дневната. Што е работата? Имаш тавтабити во душекот?“

Ги стискам забите. „Не.“

„Тогаш, зошто не си тераш со голотијата таму?“

„Затоа што...“ замолчувам и повторно се муртам. „Не е твоја работа. Зошто си тука, воопшто? Твојот студентски дом изгорел во пожар?“

„Се кријам.“ Го вели тоа како да треба да знам што сака да каже. Потоа разгледува низ дневната соба. „Каде е Такер? Гарет рече дека ќе биде тука.“

„Излезен е.“

Таа ја издаде долната усна. „Ех, баш штета. Тој дефинитивно ќе сакаше да гледа филм со мене. Но веројатно и ти би завршил работа.“

„Ми ја уништи вечерта и сега очекуваш да се дружиме?“

„Верувај ми, ти си последната личност со која сакам да се дружам, но во моментов сум во криза, а ти си единствениот тука. Ќе *мораш* да ми правиш друштво, Дин, инаку ќе направам нешто навистина глупаво и целиот живот ќе ми биде уништен.“

Како да се сеќавам дека Хана ми кажа дека Али студира драмска уметност. Да. Се забележува.

„Те молам?“ Не престанува да ме гледа со тој молежлив израз на лицето, а јас отсекогаш сум паѓал на големи, сини очи. Особено кога им припаѓаат на слатки русокоси со феноменални цицки.

„Во ред, ти победи“, попуштам. „Ќе ти правам друштво, океј?“

Таа се расположи. „Кој филм ќе го гледаме?“

Офнав во себе. Мојата петочна вечер од жежок секс во тројка се претвори во изигрување дадилка на најдобрата другарка на мојот најдобар другар.

Патем, сѐ уште ми е камен благодарение на бакнежите за збогум на Кели и Мишел.

Ебано прекрасно.

# 2

# Али

Мојата самоконтрола е во рацете на Дин Хејвард-Ди Лорентис, човекот кој е познат по тоа што нема *никаква* самоконтрола. Во превод, тешко мене.

Сепак, нема да го направам тоа. Нема да му се јавам на Шон. Не е важно што пред дваесет минути ми прати слика од нас двајца од ланското патување во Мексико. Искористил една од оние апликации за врамување за да нацрта големо црвено срце околу нашите лица.

Тоа беше навистина добро патување...

Го потиснувам сеќавањето и го земам далечинското од масичката. „Имате ли Нетфликс?" Погледнувам кон Дин, кој сè уште изгледа изнервирано од моето присуство.

И или си замислувам или тој има ерекција. Но доволно сум фина за да не го задевам за тоа бидејќи, во негова одбрана, само пет секунди го делеа од секс со две девојки пред јас да се појавам.

Погледот ми заталкува кон неговите голи гради. Нема да лажам – градите му се апсолутно спектакуларни. Типот е *навистина* добро граден. Висок и виток, со совршено обликувани мускули. И има куса, подрасната брада – секси руси влакненца кои ја нагласуваат неговата мажествена вилица. Каква штета. Тапчовците како него не би смееле да изгледаат толку добро.

„Да. Повели и избери нешто за гледање", одговара тој. „Јас ќе тркнам до горе за да се олеснам и ќе ти се придружам."

„Добро, мислам дека сум расположена за – чекај, што?“

Но него веќе го снема, оставајќи ме да зјапам во празната врата. Тркна до горе *што* да направи? Се шегуваше, нели?

Не сакајќи си го замислувам. Дин во неговата соба. Со една рака обвиткана околу својот алат, а со другата... ги држи тестисите? Ги стега чаршафите? Или можеби стои потпрен на бирото, со затворени очи, додека си ја гризе долната усна...

И *зошто* се обидувам да ја решам мистеријата за тоа како типов мастурбира?

Ја бркам фантазијата, го притискам далечинското сè додека не го најдам Нетфликс, а потоа започнувам да ги разгледувам најновите филмски наслови.

Помалку од пет минути подоцна, Дин мрзливо се враќа во собата. За среќа, барем облекол тренирки. Но изгледа дека ги баталил боксерките, а тоа го знам затоа што тренирките му висат толку ниско на колковите, што речиси можам да видам... места кои немам никаков интерес да ги видам.

Градите му се сè уште голи, а образите благо зарументени.

„Дали ти сериозно штотуку си го издрка?“ го прашувам.

Тој кимнува како да е нешто најнормално. „Што? Мислеше дека ќе можам да издржам да изгледам цел филм со помодрени јајца?“

Се џарам во него. „Значи, не можеш да имаш секс додека јас сум во куќата, но можеш да се качиш горе и да го направиш *тоа*?“

Усните му се развлекуваат во заводлива насмевка. „Можев да го направам тоа и тука, но тогаш ќе беше во искушение да ги земеш работите во свои раце. Се обидував да бидам фин.“

Тешко ми е да не превртам со очите. Затоа не се ни трудам да се спротивставам на поривот. „Верувај ми, ќе успеев да си ги задржам рацете за себе.“

„Ако го извадев тука пред тебе? Нема шанси. Немаше да можеш да се воздржиш.“ Ја крева едната веѓа. „Имам одличен алат.“

„Мхм. Сигурна сум дека е така.“

„Не ми веруваш? Можам да ти покажам слика.“ Посегнува по телефонот на масичката. Потоа застанува и го фаќа појасот на тренирките. „Всушност, можам да ти го покажам во живо ако сакаш.“

„Не сакам. Ни најмалку.“ Покажувам кон телевизорот. „Го одбрав овој. Си го гледал ли?“

Дин се мурти кон постерот од филмот на екранот. „Боже мили, *тоа* го избра? Во понудата има најмалку три нови хорор-филмови кои би можеле да ги гледаме. Или целата филмографија на Џејсон Статам.“

„Нема да гледаме хорор-филм“, велам решително. „Не сакам да се плашам.“

„Добро. Тогаш, да гледаме акционен филм.“

„Не сакам насилство.“

На лицето му се гледа дека е изнервиран. „Кукле, нема да гледам филм за...“ Подзамижува и чита од екранот „’жена која минува низ длабока животна преобразба откако ѝ е дијагностицирана неизлечива болест.‘ Нема шанси.“

„Би требало да е навистина добар“, се побунувам. „Освоил Оскар!“

„Знаеш кои други филмови освоиле Оскар? *Кога јагнињата ќе стивнат. Ајкула. Егзорцист*.“ Звучи надмено. „И сите се хорор-филмови.“

„Можеме цела ноќ да се расправаме за ова, но нема да гледам ништо со крв, ајкули и експлозии. Па ти види.“

Дин силно ги стега забите. Потоа, вилицата му се опушта и тој тешко се издишува. „Добро. Но ако веќе треба да го издржам ова срање од филм, прво ќе издувам еден џоинт.“

„Сè што ти треба за да издржиш, срце.“

Тој оди кон вратата тивко мрморејќи нешто.

„Чекај", довикнувам по него. Набрзина го вадам мојот телефон од џебот од јакната. „Ќе сакаш ли да го земеш ова со тебе? Ако останам насамо со него, можеби ќе паднам во искушение да пратам порака."

Ме погледна накриво. „Кому се обидуваш да не му пратиш порака?"

„На мојот поранешен. Раскинавме минатата вечер и оттогаш не сака да прекине да ми пишува."

Настапи пауза. „Знаеш што? Доаѓаш со мене."

Одвај имам време да трепнам пред Дин да дојде од спротивната страна на собата и да ме повлече од фотељата. Кога нозете ми слетуваат на дрвениот под, губам рамнотежа и се затетеравувам токму кон неговите огромни гради, а со носот удирам во еден од неговите совршено обликувани градни мускули.

Набрзина се исправам, вооружена со бесен поглед. „Штотуку удобно се сместив, говедо едно."

Тој не ми обрнува внимание, делумно водејќи ме, делумно влечејќи ме кон кујната. Бидејќи не ми дозволи ни да си ја земам јакната, почнувам да се тресам во моментот кога излегуваме низ задната врата.

Голите гради на Дин сјаат под светлото на тремот. Се чини дека не му пречи ладното, но неговите брадавици набрекнуваат на студениот вечерен воздух.

„Уф. Дури и брадавиците ти се совршени", се муртам.

Усните му заиграа. „Сакаш да ги допреш?"

„Бљак. Никогаш. Само прокоментирав дека се совршени. Целосно пропорционални со градите."

Погледнува надолу кон своите градни мускули и размислува на момент. „Да. Јас *сум* совршен. Треба почесто да се потсетувам на тоа."

Се засмеав. „Да. Затоа што не си доволно самобендисан."

„Самоуверен сум", ме поправа.

„Самобендисан."